**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Бр. 05-4181/1**
**26.08. 2016 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15, а во врска со член 18 став 1 алинеја 18 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), член 4, 6, 7, 9, 10 и 11 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија" бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14, 153/15), член 39 став 1 алинеи 1 и 15 и член 15 став 1 алинеја 17 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година и Заклучокот на Советот на Агенцијата, бр.02-4126/2 од 26.08.2016 година, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ја донесе следната:

## О Д Л У К А
## за доделување финансиска помош - донација за санирање на последиците од поплавите во Скопскиот регион

1. Со оваа Одлука се доделува финансиска помош - донација за санирање на последиците од елементарните непогоди - поплави во Скопскиот регион, во износ од 1.000.000,00 (еден милион) денари, кои ќе се спроведат преку Црвениот крст на Република Македонија, посебен Фонд за солидарност.

2. Финансиските средства од точката 1 од оваа одлука, ќе се издвојат од финансиските средства на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, остварени во 2016-та година, а ќе се уплатат на посебна наменска сметка на Црвениот крст на Република Македонија – Фонд за солидарност преку Комерцијална банка, сметка број 300000001327966, даночен број: 4030984271620.

3. За предметната финансиска помош - донација за санирање на последиците од поплавите во Скопскиот регион, ќе се склучи Договор за донација помеѓу Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Црвениот крст на Република Македонија, кој ќе стапи во сила веднаш по потпишувањето на двете договорни страни, а ќе се применува по добиено позитивно мислење за јавниот интерес од страна на Министерството за правда на Република Македонија.

4. Оваа Одлука ќе се објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а ќе се применува по добиено позитивно мислење од Министерството за правда на Република Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15, а во врска со член 18 став 1 алинеја 18 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), член 4, 6, 7, 9, 10 и 11 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен

весник на Република Македонија" бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14, 153/15), член 39 став 1 алинеи 1 и 15 и член 15 став 1 алинеја 17 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година и Заклучокот на Советот на Агенцијата, бр.02-4126/2 од 26.08.2016 година, му се даде одобрение на Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, да донесе одлука за доделување финансиска помош - донација за санирање на последиците од елементарните непогоди - поплави во Скопскиот регион со која се доделува финансиска помош - донација за санирање на последиците од поплавите во Скопскиот регион, во износ од 1.000.000,00 (еден милион) денари, кои ќе се спроведат преку Црвениот крст на Република Македонија, посебен Фонд за солидарност. Финансиските средства од точката 1 од оваа одлука, ќе се издвојат од финансиските средства на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, остварени во 2016-та година, а ќе се уплатат на посебна наменска сметка на Црвениот крст на Република Македонија – Фонд за солидарност преку Комерцијална банка, сметка број 300000001327966, даночен број: 4030984271620. За предметната финансиска помош - донација за санирање на последиците од поплавите во Скопскиот регион, ќе се склучи Договор за донација помеѓу Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Црвениот крст на Република Македонија, кој ќе стапи во сила веднаш по потпишувањето на двете договорни страни, а ќе се применува по добиено позитивно мислење за јавниот интерес од страна на Министерството за правда на Република Македонија.

Оваа Одлука ќе се објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а ќе се применува по добиено позитивно мислење од Министерството за правда на Република Македонија.

Врз основа на погоре наведеното се донесе одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

Примерок од одлуката да се достави до:

- Министерството за правда на Република Македонија;
- Црвениот крст на Република Македонија;
- Секторот за правни и економско - финансиски работи;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи - Архивата на Агенцијата.